# ГОДИШЕН ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ТЦ ВИНОЈУГ И ТЦ ТАБАНОВЦЕ

јануари – декември 2024 година

Скопје, 2025 година

**Годишен теренски извештај за ТЦ Винојуг и ТЦ Табановце**

**Јануари – Декември 2024 година**

Автор: Ангела Силјаноска Шумкоска

Уредник: Теодора Ќосева Костадиновска

Издавач: Македонско здружение на млади правници

Скопје, 2025 година

## ВОВЕД

Овој извештај претставува сеопфатен преглед на состојбата во Транзитните центри Винојуг и Табановце за периодот јануари – декември 2024 година. Наодите во извештајот се базираат од информации добиени преку редовни теренски посети, систематско следење на состојбите, како и директна работа на теренските правници на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), кои се секојдневно присутни во двата транзитни центри.

При изработката на овој извештај беа користени а) податоци добиени преку директен контакт и комуникација со лицата во движење и барателите на азил б) мониторинг и секојдневна теренска евиденција) соработка и комуникација со надлежни институции и ораганизации ангажирани во управувањето и поддршка на лицата во движење.

Целта на овој извештај е да обезбеди реална слика за фактичката состојба на терен, да ги информира засегнатите страни и пошироката јавност за тековните услови, предизвици и постапки во двата транзитни центри, како и да споделат статистички податоци и идентификувани трендови. Преку ваквиот пристап, МЗМП има за цел да придонесе кон информирано креирање на политики, унапредување на правата на лицата во движење и подобрување на меѓуинституционалната координација.

## СОСТОЈБА ВО ТРАНЗИТЕН ЦЕНТАР ВИНОЈУГ (ТЦ ВИНОЈУГ)

### Сместувачки капацитети и услови

ТЦ Винојуг располага со сместувачки капацитет за 90 лица, сместени во контејнери. Сепак, дел од контејнерите не се во употреба, па реалниот капацитет изнесува е 80 лица. Во рамки на Центарот се наоѓаат и и три рапхоли, но тие не се корисат за долготрајно сместување. Центарот е опремен со тоалети и туш-кабини, одделени по пол (за мажи и жени).

За секое лице во движење обезбедени се три оброци на ден, а притоа е обезбедена примарна и секундарна здравствена заштита. Исто така, достапна е и бесплатна правна помош во однос на правото на меѓународна заштита, како и информации за асистирано доброволно враќање. Лицата сместени во Центарот имаат пристап до посебни простории каде се спроведува неформално образование за деца од предучилишна и училишна возраст. Дополнително, на располагање им стојат бесплатен интернет, мала теретана, занимална со ТВ монитор, просторија за спортски и стручни активности за возрасни, како и програми за изучување јазик и развој на различни вештини и занаети. Достапна е и просторија за одмор и друштвени игри, како и посебно детско катче. Во детското катче, децата во движење имаат можност да играат и да учат англиски јазик и математика.

### Функционирање на ТЦ Винојуг

Статусот на ТЦ Винојуг и лицата сместени во него, како и постапувањето на надлежните органи останаа правно неуредени и во текот на 2024 година. Центарот продолжи да функционира без формален акт или стандардни оперативни процедури со кој би се регулирал начинот на прием и сместување на лицата сместени во него, како и нивните права и обврски.

ТЦ Винојуг формално претставува отворен транзитен центар, каде лицата се сместуваат од хуманитарни причини. Сепак, во пракса, Центарот често функционира како објект од затворен карактер, со ограничена слобода на движење. За функционирањето и управувањето со Центарот, надлежност има Центарот за управување со кризи (ЦУК), додека пак Министерството социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) е одговорна институција за сместување на лицата во движење во Центарот. Министерството за внатрешни работи (МВР), односно граничната полиција, е надлежно за контролата на влезот и излезот на лицата во движење во и од Центарот, вклучително и за нивното фотографирање и дактилоскопирање при првичниот влез.

Во ТЦ Винојуг се присутни претставници на државни институции, како и на невладини и меѓународни организации. Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (FRONTEX) е

присутна во Центарот од 19 април 2023 година, со мандат што првично важеше до јануари 2024 година.

Мандатот на FRONTEX е продолжен до јануари 2026 година, при што во текот на 2024 година во Центарот се ангажирани четворица полициски службеници, без присуство на надворешни соработници, за разлика од претходната година, кои со мандат на мисија се ротираа на секои еден до два месеци. По регистрирањето на лицата во движење, кое најчесто се врши врз основа на усен исказ, а поретко врз основа на приложен документ, полициските службеници вршат основна идентификација. Потоа, следува скрининг и профилирање на лицата, кое го спроведуваат претставници на FRONTEX.

## Сместени лица во движење во 2024 година во ТЦ Винојуг и трендови

Во текот на 2024 година, **вкупниот бројот на сместени лица во движење во Центарот изнесува 4055** од кои најголем дел доаѓаат од Сирија (1660), Мароко (545), Египет (421) и Авганистан (205).

Најголем дел од сместените лица се полнолетни мажи - 3574, додека бројот на сместени полнолетни жени изнесува 200. Во текот на извештајниот период во Центарот се сместени вкупно 281 дете, од кои 105 биле непридружувани. На сите непридружувани деца им бил назначен старател од Центарот за социјални работи. Од вкупниот број на сместени лица, 103 се семејства.




*График број 1: Сместени мажи, жени и деца изразени во % во ТЦ Винојуг*

Транзитниот центар во реалноста функционира како центар од затворен тип и поради тие причини лицата сместени во него немаат можност слободно да влегуваат. За разлика од претходните години, од 2024 година, лицата во движење можат доброволно да го напуштат центарот, без истите да бидат пренесувани до неофицијални точки на границата со Грција од страна на полицијата. Сепак, на сместените лица, де факто им се оставени две опции и тоа или да поднесат барање за азил или доброволно да се упатат накај Грција. Секое движење долж балканската рута - на север накај Србија, повторно ќе биде нотирано од полицијата и истите ќе бидат вратени во центарот. На сместените лица, во текот на летниот период, кога бројот на лица кои транзитираат бил зголемен, сместените лица добиваа дозвола од полицијата да се движат до градот и најблиската продавница, со обврска да се вратат во одреден временски период. Првично, тие беа придружувани од претставници на Црвениот крст, а подоцна им беше дозволено да се движат самостојно под исти услови. Во текот на месец, август 2024 година, 1 возрасен маж од Авганистан бил погоден од струен удар од воз во Гевгелија.

*Табела број 1: Број на сместени лица во движење во ТЦ Винојуг, поделени по месец и возраст*

| **Месеци** | **Возрасни мажи** | **Возрасни жени** | **деца – машки пол** | **деца – женски пол** | **Непридружувани деца** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | машки пол | женски пол |
| **јануари** | 514 | 11 | 8 | 0 | 4 | 0 |
| **февруари** | 434 | 25 | 10 | 5 | 6 | 1 |
| **март** | 183 | 28 | 17 | 5 | 5 | 0 |
| **април** | 130 | 21 | 4 | 2 | 2 | 0 |
| **мај** | 173 | 11 | 1 | 1 | 9 | 0 |
| **јуни** | 104 | 8 | 5 | 3 | 5 | 0 |
| **јули** | 123 | 10 | 8 | 3 | 8 | 0 |
| **август** | 272 | 13 | 4 | 1 | 10 | 1 |
| **септември** | 324 | 9 | 5 | 3 | 7 | 0 |
| **октомври** | 496 | 29 | 15 | 7 | 14 | 1 |
| **ноември** | 452 | 23 | 22 | 21 | 22 | 0 |
| **декември** | 369 | 12 | 21 | 5 | 12 | 0 |
| **вкупно** | 3574 | 200 | 120 | 56 | 102 | 3 |

Согласно статистиката на МЗМП, во текот на 2024 година во Центарот **беа сместени лица во движење од 35 држави.**

*Табела број 2: Вкупен број на регистрирани лица за 2024 година, во ТЦ Винојуг распоредени според земја на потекло.*

| **Земја на потекло** | **Вкупен број на регистрирани лица за 2024 година** |
|---|---|
| **Авганистан** | 205 |
| **Алжир** | 66 |
| **Бангладеш** | 9 |
| **Гамбија** | 9 |
| **Гана** | 8 |
| **Гвинеја** | 3 |
| **Египет** | 421 |
| **Еритреја** | 1 |
| **Етиопија** | 1 |
| **Индонезија** | 2 |
| **Индија** | 21 |
| **Ирак** | 221 |
| **Иран** | 84 |
| **Јемен** | 3 |
| **Камерун** | 9 |
| **Кина** | 74 |
| **Конго** | 83 |
| **Кувајт** | 70 |
| **Либан** | 15 |
| **Либија** | 29 |
| **Мароко** | 545 |
| **Непал** | 98 |
| **Нигерија** | 1 |
| **Пакистан** | 79 |
| **Палестина** | 76 |
| **Катар** | 1 |
| **Сенегал** | 7 |
| **Сиера Леоне** | 31 |
| **Сирија** | 1660 |
| **Сомалија** | 2 |
| **Судан** | 1 |
| **Того** | 1 |
| **Тунис** | 20 |
| **Турција** | 198 |
| **Уганда** | 1 |

## Баратели на азил во ТЦ Винојуг во 2024 година

Од вкупниот број лица сместени во ТЦ Винојуг, 131 лице поднеле барање за признавање на правото на азил во Република Северна Македонија. Од 131 барател на азил 84 биле возрасни мажи, 16 возрасни жени и 31 дете (8 девојчиња и 23 момчиња). Од вкупно 31 дете - баратели на азил 9 биле непридружувани деца.

Најголемиот број на баратели на азил доаѓаат од Сирија (28), Мароко (27) и Египет (21).

По поднесувањето на барањето за признавање на правото на азил, овие лица се транспортирани во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово**.**

*Табела број 3: Вкупен број на баратели на азил во ТЦ Винојуг за 2024 година, распоредени по месеци и земја на потекло.*

| **Држави** | **јан** | **фев** | **март** | **апр** | **мај** | **јун** | **јул** | **авг** | **септ** | **окт** | **ное** | **дек** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мароко** | 0 | 9 | 6 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 4 | 2 | 0 | **27** |
| **Тунис** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | **3** |
| **Алжир** | 0 | 1 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **10** |
| **Сирија** | 0 | 0 | 6 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 6 | 2 | 10 | 0 | **28** |
| **Сиера Леоне** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | **5** |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Авганистан** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **ДРЦ Конго** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | **21** |
| **Египет** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 6 | 3 | 6 | 1 | **18** |
| **Иран** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| **Ирак** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 8 | 0 | **10** |
| **Либија** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| **Камерон** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Пакистан** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Вкупно по месец:** | 0 | 11 | 22 | 0 | 3 | 0 | 26 | 11 | 13 | 13 | 27 | 5 | **131** |

## Пристап до постапка за азил

На сите лица им беше овозможен пристап до постапката за азил без разлика дали биле само заинтересирани или ја искажале својата намера да аплицираат за азил. Сепак, во поголемиот број на случаи  забележано е одложување на регистрирање на барањето за азил. Одложувањето е резултат од недостаток на одговорно лице за организирање на процесот или со недостаток на транспортни средства за пренос на барателите од транзитниот центар до Прифатниот центар за баратели на азил. Одложувањето на регистрирањето најчесто е од 10 до 14 дена.

Теренскиот правник на МЗМП е секојдневно присутен во Центарот и дал вкупно 351 правен совет во врска со постапката за азил и правото на аплицирање за азил во Република Северна Македонија. Според статистиката, правна помош добиле 259 мажи и 92 жени**.**

## Пристап до територија

Во 2024 година бројот на пронајдени лица во движење кои неформално и доброволно заминале од центарот и се упатиле кон Грција изнесува 3.633 лица.

## Задржување во ТЦ Винојуг

Во ТЦ Винојуг повеќе не се задржуваат лица и деца како сведоци во кривична постапка против криумчарите. Сите лица кои се пронајдени во инциденти или кривични дела се решаваат по итна постапка. Во случај на деца, веднаш се назначува старател, а тие се транспортираат пред јавен обвинител во Скопје, по што старателот одлучува во согласност со најдобриот интерес на детето. Кога станува збор за возрасни лица - сведоци, тие се транспортираат пред јавен обвинител во Скопје или во Центарот за странци во Газа Баба, Скопје, до закажаното судење.

## СОСТОЈБА ВО ТРАНЗИТЕН ЦЕНТАР ТАБАНОВЦЕ (ТЦ ТАБАНОВЦЕ)

### Сместувачки капацитети и услови

Транзитниот центар Табановце располага со сместувачки капацитет од 120 до 150 лица, доколку во секој контејнер се сместуваат по четири лица. Сепак, доколку се сместат повеќе од четири лица по контејнер, капацитетот може да се прошири и до 280–300 лица. Во рамки на Центарот се наоѓаат и рапхоли, со чија употреба вкупниот сместувачки капацитет може да достигне и до 1.200 лица, но тие не се користат за долготрајно сместување. Центарот е опремен со тоалети и туш-кабини, одделени по пол (за мажи и жени).

Во ТЦ Табановце воопшто не се спроведуваат едукативни и рекреативни активности за сместените лица во движење. Во Центарот не е обезбедено детско катче, ниту се достапни детски реквизити кои би можеле да се користат за активности со најмладите категории на лица.

За секој лице се обезбедени три оброци на ден, а притоа се обезбедува примарна и секундарна здравствена заштита. Исто така, достапна е и бесплатна правна помош во однос на правото на меѓународна заштита, како и информации за асистирано доброволно враќање.

### Функционирање на ТЦ Табановце

Статусот на ТЦ Табановце и лицата сместени во него, како и постапувањето на надлежните органи останаа правно неуредени и во текот на 2024 година. Центарот продолжи да функционира без формален акт или стандардни оперативни процедури со кој би се регулирал начинот на прием и сместување на лицата сместени во него, како и нивните права и обврски.

ТЦ Табановце претставува отворен центар, а лицата се сместуваат во него од хуманитарни причини. Исто како и во ТЦ Винојуг, ЦУК е одговорен за функционирањето и управувањето на центарот, МСПДМ е одговорно за сместување на лицата во движење во центарот, додека Министерството за внатрешни работи (МВР), односно граничната полиција, е одговорно за влез и излез на лицата во движење во центарот како и за фотографирање и дактилоскопирање на истите при првичен влез во овој центар.

Во транзитниот центар се присутни претставници на државни органи, како и невладини и меѓународни организации.

## Сместени лица во движење во 2024 во ТЦ Табановце

Во текот на 2024 година, вкупниот бројот на сместени лица во движење во центарот изнесува 2348 од кои најголем дел доаѓаат од Сирија (1464), Ирак (141), Египет (121) и Авганистан (113). Најголем дел од сместените лица во движење се мажи - 1840, додека бројот на сместени возрасни жени изнесува 166. Во текот на извештајниот период во центарот биле сместени вкупно 343 деца од кои 107 биле непридружувани. На сите непридружувани деца им бил назначен старател од Центарот за социјални работи. Од вкупниот број на сместени лица, 163 се семејства.




*График број 2: Сместени мажи, жени и деца изразени во % во ТЦ Табановце*

Транзитниот центар функционира како објект од отворен тип, што овозможува на сместените лица слободно да влегуваат и излегуваат од центарот, под постојан надзор и регулација од страна на претставниците на МВР. Иако сите лица кои се доведени во ТЦ Табановце се предаваат со записник на МСПДМ и се заведуваат како сместени лица, во пракса ретко остануваат подолг временски период. Најчесто, тие го напуштаат центарот по еден ден престој.

*Табела број 4: Број на сместени лица во движење во ТЦ Табановце, поделени по месец и возраст*

| Месеци | Возрасни мажи | Возрасни жени | деца – машки пол | деца – женски пол | Непридружувани деца |
|---|---|---|---|---|---|
| **јануари** | 206 | 15 | 13 | 2 | 3 |
| **февруари** | 267 | 7 | 20 | 2 | 1 |
| **март** | 121 | 11 | 12 | 2 | 11 |
| **април** | 81 | 12 | 5 | 5 | 4 |
| **мај** | 79 | 6 | 7 | 3 | 1 |
| **јуни** | 81 | 7 | 13 | 9 | 15 |
| **јули** | 112 | 29 | 27 | 7 | 14 |
| **август** | 61 | 9 | 8 | 2 | 6 |
| **септември** | 136 | 16 | 18 | 13 | 19 |
| **октомври** | 259 | 15 | 13 | 4 | 13 |
| **ноември** | 280 | 23 | 19 | 18 | 11 |
| **декември** | 160 | 16 | 6 | 8 | 9 |
| **вкупно** | **1840** | **166** | **161** | **75** | **107** |

Согласно статистиките на МЗМП, во текот на 2024 година во центарот **беа сместени лица во движење од 36 држави**.

*Табела број 5: Вкупен број на регистрирани лица за 2024 година во ТЦ Табановце, распоредени според земја на потекло.*

| Земја на потекло | Вкупен број на регистрирани лица за 2024 година |
|---|---|
| **Јемен** | 1 |
| **Авганистан** | 113 |
| **Азербејџан** | 3 |
| **Алжир** | 11 |
| **Бангладеш** | 24 |
| **Гамбија** | 1 |
| **Гана** | 3 |
| **Гвинеја** | 7 |
| **Египет** | 121 |
| **Еритреја** | 1 |
| **Етиопија** | 1 |
| **Израел** | 1 |
| **Индија** | 33 |
| **Индонезија** | 2 |
| **Ирак** | 141 |
| **Иран** | 51 |
| **Камерун** | 7 |
| **Кина** | 15 |
| **Конго** | 53 |
| **Кувајт** | 20 |
| **Либан** | 3 |
| **Либија** | 5 |
| **Мароко** | 51 |
| **Непал** | 77 |
| **Нигерија** | 1 |
| **Пакистан** | 29 |
| **Палестина** | 53 |
| **Сиера Леоне** | 15 |
| **Сирија** | 1464 |
| **Словачка** | 1 |
| **Сомалија** | 3 |
| **Тунис** | 4 |
| **Турција** | 34 |
| **вкупно:** | 2349 |

## Состојби и предизвици идентификувани во тц табановце

Ситуациите што се случуваат на терен во ТЦ Табановце се разновидни и укажуваат на сериозни предизвици со кои се соочуваат лицата во движење и институциите. Еве неколку **клучни ситуации** кои се идентификувани:

- **Насилни и незаконски враќања од Србија кон РСМ (февруари и јуни 2024)**

Во февруари и јуни 2024 година беа регистрирани повеќе случаи на насилно и незаконско враќање на лица во движење од Србија во РСМ, без спроведување на формална постапка и во отсуство на почитување на договорите за реадмисија. Во февруари, над 70 лица од Сирија[1] пристигнаа во ТЦ Табановце со видливи телесни повреди, физички и вербално малтретирани изјавувајќи дека биле претепани, ограбени и соблечени во долна облека од српската полиција. Дополнително, изјавија дека врз нив биле пуштени полициски кучиња, при што некои од нив биле каснати. Во јуни беше забележан сличен тренд кај 23 лица (вклучително и 8 непридружувани малолетници), кои изјавија дека биле присилно донесени на македонската граница. Дополнително, пет други лица изјавиле дека биле изложени на слично насилство, меѓу кои едно лице од Авганистан со видливи повреди на лицето. Сите лица добија медицинска помош, а потешко повредените беа упатени на болнички третман. Меѓу нив имаше лица со внатрешно крварење, скршени ребра и скршен нос.

- **Предизвици во постапување со лица со сериозни комуникациски бариери и непознат статус**

Во ТЦ Табановце беа регистрирани два специфични случаи кои го отежнаа стандардното постапување поради сериозни комуникациски бариери и отсуство на лични податоци. Станува збор за лица кои покажуваа знаци на когнитивна или комуникациска попреченост, за кои не постои воспоставен протокол за идентификација, згрижување и понатамошно постапување. Надлежните институции укажаа дека во рамки на кампот нема соодветни услови за згрижување на вакви лица и дека не постои јасна процедура за понатамошно постапување.

Првиот случај се однесува на лице од Алжир кое, и покрај долг престој во кампот, остана целосно неспособно за комуникација. Вториот случај вклучува лице од Словачка на возраст од 19 години, идентификувано како исчезнато лице по интервенција на социјален работник и Интерпол и социјален работник. Во однос на овој случај социјалниот работник на терен го информирал Центарот за социјални работи за можноста да му се додели старател, со оглед на неговата ранливост.

[1] https://www.infomigrants.net/en/post/55402/serbia-police-deny-beating-up-migrants-at-north-macedonia-border

Овие случаи ја потенцираат итната потреба од развивање јасни процедури и институционални механизми за постапување со лица со когнитивни попречености и/или интелектуални здравствени предизвици, како и за обезбедување соодветна нега, сместување и меѓународна координација кога тоа е потребно.

Овие случаи покажуваат континуиран тренд на **насилно и незаконско враќање на лица во движење од Србија во РСМ**, проследено со сериозни повреди и нехумано постапување.

- **Потреба од итна институционална реакција во случаи со можен ризик од злоупотреба на дете**

На 9 јануари 2024 година, во ТЦ Табановце беа примени осумгодишно дете и 29-годишен маж, пронајдени надвор од кампот од страна на Црвениот крст. Возрасниот првично се претставил како татко, но подоцна изјавил дека е чичко на детето. При преглед од медицинскиот тим на ИОМ и Црвениот крст, кај возрасниот беше дијагностицирана шуга, а кај детето беа забележани дерматолошки промени во гениталната област, што предизвика сомнеж за сексуално преносилва инфекција.

Случајот веднаш беше пријавен до Националната комисија за спречување на трговија со луѓе и беше повикан мобилен тим. Прегледот на детето бил закажан 2 дена подоцна од нивното пристигнување, а во меѓувреме детето и возрасниот го напуштија кампот и не се вратија, по што не беше можно да се утврди потенцијалниот ризик по детето. Овој случај јасно укажува на потребата од побрза и поефикасна институционална реакција, подобра координација и механизми за заштита на деца во ризик, особено кога постојат индиции за можно насилство или трговија со луѓе.

- **Малолетно дете жртва на физичко и сексуално насилство**

Вп февруари 2024 година, во ТЦ Табановце беше донесена група на лица во движење, меѓу кои седум малолетни машки лица. По пристигнувањето, деветгодишно дете, најмладо во групата, при лекарски преглед изјави дека било жртва на физичко и сексуално насилство. Според неговите наводи, прво било злоупотребено од својот братучед (14 години), а потоа и од други деца од групата. Лекарите констатирале модринки на телото, а детето било видливо исплашено и анксиозно.

Социјалниот работник веднаш интервенираше, се назначи за старател и ја информираше Центарот за социјална работа – Куманово. Истиот ден, детето беше префрлено во старателско семејство, каде почна да покажува знаци на стабилизација, иако продолжи да покажува траумирани реакции, особено во контакт со непознати мажи. Неколку дена подоцна, во кампот се појави чичкото на

детето, со намера да го преземе. Беше информиран дека е потребна писмена согласност од родителите и дека детето е згрижено поради сериозни индиции за злоупотреба.

Брзата реакција во овој случај беше особено значајна и овозможи навремена заштита на детето.

## Баратели на азил во ТЦ Табановце во 2024 година

Од вкупниот број на сместени лица во движење во Центарот, само седум лица поднеле барање за признавање на правото на азил во Република Северна Македонија, што претставува мал процент во споредба со целокупниот број на сместени лица. По поднесувањето на барањето за азил, овие лица беа пренесени во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.

Сите баратели на азил се возрасни мажи и барањата се поднесени во првата половина од 2024 година.

*Табела број 6: Вкупен број на баратели на азил во ТЦ Табановце за 2024 година, распоредени по месеци и земја на потекло.*

| **Држави** | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Мај** | **Вкупно по држава:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сирија** | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| **Ирак** | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Либан** | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| **Пакистан** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Вкупно по месец:** | 3 | 1 | 1 | 2 | 7 |

## Пристап до постапка за азил

Поради малиот број на поднесени барања за азил, не се забележани значајни пречки во пристапот до постапката. Сепак, во поединечни случаи, регистрирањето на барањето било одложено за еден до два дена поради отсуство на одговорно лице на смена, потребно за потпишување и потврдување на барањето.

Теренскиот правник на МЗМП во центарот дал вкупно 1308 правни совети во врска со постапката за азил и правото на аплицирање за азил во Република Северна Македонија. Според статистиката, правна помош добиле 1123 мажи, 128 жени и 57 деца (39 придружувани и 18 непридружувани).

## Пристап до територија

Во текот на разговорите со лицата во движење сместени во ТЦ Табановце, беше забележано дека трендот за враќање на лица во движење кон грчката граница од ТЦ Табановце од страна на полицијата речиси престана. Сепак во еден случај нотирано е враќање од страна на полицијата, по добиена информација од страна на други лица во движење. Имено, во февруари едно лице од Авганистан истакна дека полициски службеници случајно избрале група на лица во движење ги внеле во полициско комбе и ги одвеле. Три часа по настанот, лицата кои останале во кампот и имале пристап до мобилни телефони добиле информации дека приведените веќе се наоѓаат на територија на Грција. Сместените лица истакнуваат дека ова не е изолиран случај, туку дека ваквата практика се случува често и дека веќе биле сведоци на слични инциденти во кои полицијата подигнува групи на лица во движење и ги одведува во непознат правец.

Во јуни, лице од Авганистан изјави дека двапати било оставено пред влезот на Центарот – првпат цел ден, а втор пат три дена – пред конечно да биде примено. Овие случаи укажуваат на произволен пристап и отсуство на јасна и доследна процедура за прием во Центарот.

## Задржување во ТЦ Табановце

Во текот на извештајниот период беа забележани приближно 40 случаи на задржување на лица во движење во ТЦ Табановце. Задржувањата вклучуваат поединечни и групни случаи од Авганистан, Кина, Сирија и Непал, со присуство и на жени и малолетници. Меѓу задржаните лица беа евидентирани и три непридружувани малолетни машки деца од Сирија.  Според достапните информации, овие лица во движење најчесто се обидуваат со помош на криумчари да транзитираат низ територијата на Северна Македонија кон Грција.

ТЦ Табановце е центар од отворен тип чиј статус не е правно регулиран, па согласно неговата намена, истиот не е прилагоден за задржување на лица. Сепак, во практика, и покрај неговата намена, некои лица во движење се задржуваа како сведоци во кривична постапка или по некои други основи. Задржаните лица по приведувањето од страна на полицијата привремено се сместуваат во посебна просторија во рамки на Центарот под постојан надзор од полициски службеници, која претходно била користена како канцеларија. Откако ќе се спроведат во јавно обвинителство, лицата се враќаат во Центарот, каде се регистрираат и се сместуваат. Времетраењето на задржувањето обично не надминува три дена.

## ПОДДРШКА И ПРАВНА ПОМОШ ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ ОД МЗМП

МЗМП преку теренските правници секојдневно присуствува со свои простории во Транзитните центри Винојуг и Табановце. Во текот на нивната работа, теренските правници даваат правни совети и информации во врска со постапката за азил, како и посредуваат за оние што сакаат да поднесат барање пред надлежните органи. Покрај тоа, тие ја мониторираат ситуацијата на терен и активно идентификуваат ранливи категории на лица, кои соодветно се адресираат до надлежните институции со цел решавање на одредени проблеми или предизвици.

Во извештајниот период, теренските правници дале вкупно 1659 правни совети. Според статистиката, правна помош добиле 1382 мажи, 220 жени и 57 деца (39 придружувани и 18 непридружувани).

*График број 3: Број на дадена правна помош од МЗМП, по пол и возраст во двата транзитни центри.*




Теренските правници спроведуваат разговори и советувања со речиси сите лица кои престојуваат во центрите повеќе од 2-3 дена. Целта на овие разговори е да се разберат мотивите за нивното заминување од матичната земја, да се документираат искуствата и предизвиците при нивното патување, вклучувајќи ги ризиците и заканите на кои можеби наишле. Истовремено, лицата во движење ги изразуваат своите мислења за услугите кои им се достапни во транзитните центри, како и за своите идни намери и очекувања.

Од изјавите на сместените лица најчесто се изразуваат жалби за сиромашната храна која ја добиваат. Иако оброците се поделени во три пати дневно, храната е еднолична и во мали

количини. Дополнително, се жалат на ограничената количина на вода за пиење, како и на недостатокот на капацитети за одржување на основните хигиенски потреби.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ТРЕНДОВИ

Забележани се значајни разлики во миграциските текови споредбено со 2023 година. Споредбено со 2023 година, во ТЦ Винојуг е забележан пад од 57% на бројот на сместени лица во движење, а бројот на лица кои поднеле барање за азил е намален за 88%. Наспроти тоа, ТЦ Табановце бележи зголемување за 88% на сместени лица во движење и повеќе од двојно зголемување на бројот на непридружувани деца. Овие промени укажуваат на пренасочување на миграциските рути, но и на неопходноста од прилагодување на капацитетите и обезбедување соодветна заштита за ранливите категории.

Иако основните услови за престој (храна, вода, хигиена) се обезбедени во двата центри, сместените лица континуирано изразуваат незадоволство од нивниот квалитет и квантитет. Особено се потенцира едноличноста на исхраната, ограничениот пристап до вода за пиење и недоволните хигиенски капацитети. Ова укажува на потреба од ревизија и унапредување на стандардите за сместување и исхрана.

Во однос на ранливите категории, особено непридружуваните деца, потребна е засилена институционална координација и обезбедување на соодветни услови за престој, кои вклучуваат пристап до едукативни и рекреативни активности, односно и простор за игра и развој, што во моментов целосно недостига во ТЦ Табановце. Исто така, децата сместени во овие центри не се дел од формалното образование во земјава.

Забележаните индивидуални случаи на одложување во регистрацијата на барањата за азил укажуваат на потреба од постојано присуство на овластени службени лица и обезбедување на подобра логистичка поддршка (особено за транспорт до Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово).

Праксата на задржување на лица како сведоци е речиси целосно укината во Винојуг, но сè уште е присутна во Табановце, иако во ограничен обем и времетраење. Ова укажува на потреба за усогласување на постапките помеѓу двата центри и обезбедување на стандардизирано и хумано постапување при вакви ситуации.

Од практиката на постапување во центрите, најитно се истакнува потребата од регулирање на статусот на центрите, статусот на лицата сместени во овие центри, како и процедурите за влез,

сместување, реферирање и регистрација на лицата. Со ова, меѓу другото, ќе се избегне секаква произволност и прекршување на правата на овие лица, како и ќе се зајакне институционалната подготвеност во преземање на дејствија и постапување со лицата во движење.

Потребно е зајакнување на механизмите за заштита, воспоставување јасни процедури за постапување со ранливи категории и обезбедување подобри услови за згрижување и здравствена заштита, со посебен акцент на ефикасноста на институционалната реакција.

Овие наоди упатуваат на јасна потреба од системски пристап, засилена институционална реакција и подобрување на условите во двата транзитни центри, особено ТЦ Табановце како центар кој бележи значителен пораст на сместени и ранливи лица во движење во 2024 година.